17 – 30. 4. 1987



# ДИМОВСКИ
# АНГЕЛ - ЧАУШ



ДИМОВСКИ АНГЕЛ — ЧАУШ

Роден на 5.XI.1952 година во с.Крнино, Титов Велес. Факултет за ликовна уметност, вајарски отсек, завршил во Скопје 1985. Член е на ДЛУМ од 1985.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1987 — Центар за култура и информации — Скопје

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1980 — Млади ликовни творци, Дом на млади „25 Мај" Скопје
— Средба на млади творци на Југославија „Младост на Сутјеска 80" Дом на млади — Тјентиште
1985 — Годишна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, Скопје
— Ситна пластика, Уметничка галерија, Скопје
1986 — Годишна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, Скопје

НАГРАДИ:

1980 — награда на претседателството на РК ССММ за скулптура
1985 — награда ЛИКУМ за скулптура на Авторска агенција на СРМ

СТУДИСКИ ПАТУВАЊА: Италија, Франција, Шпанија, Мароко, Алжир, Тунис, Египет, Турска, Грција...



Ангел Димовски за прв пат самостојно ни се претставува со творби создадени последниве години. На изложбите на ДЛУМ, неговите скулптури предизвикуваа посебен интерес. Ангел, барајќи сопствени патишта на искажување, скулптурата ја сватил како предизвик во создавање на формата во која ќе се насетува изворот, а сепак да припаѓа на современоста. Хроничарите кои го следеле неговото досегашно творење забележуваат влијание на едукцијата низ која израснувал. Си поставувале прашања дали е подобро да се држел под наметката на педагошката традиција или како што се определил да избере пат според своите можности, превземајќи ја одговорноста како индивидуален ризик. Оваа определба и упорното опстојување несомнено го доведоа до одредени резултати. За тоа убедливо зборуваат експонатите што го сочинуваат изложбениот ансамбл на оваа експозиција.

Ангел Димовски го карактеризира уште една особина: тој е скулптор што преку цртежот го доживува обликот. Било како да го третира, цртежот во различни изразни контексти, тој останува превасходен во осмислувањето и детерминирањето на примарните импресии. Тоа доведува во него да се „разбуди" чуството за пластиката која ќе ја оживотвори со материјалите со кои се служи: дрвото, гипсот обложен со полиестер, дообликувајќи ја пластиката со метални апликации.

Препуштајќи се на внатрешните гласови, вон контрола и диктат на однапред зададени ликовни решенија, во пластиката и формата бара рамка за своето индивидуално доживување. Тој негов творечки занес во моменти (како што подземната вода ја пробива земнината кора и избива како гејзер), така неговиот темперамент ерутивно ја обликува формата исполнувајќи ја со виталност и еротски набој што се забележува на повеќето од изложените творби, во кои со извонредна смисла за пластика ја избегнува декоративноста и геометриската рационална структура.

Немаме право да преку изложените творби донесуваме суд за натамошниот ликовен развој на Димовски. Можеме само да констатираме со уверение дека во овој творечки миг се нашол себеси, се ослободил од менторството, што се еден од условите, и уверување за ликовна веродостојност, и гаранција дека истрајноста ќе го води кон творечка угорнина.

*Жарко Този*







ИЗДАВАЧ: Центар за култура и информации: — Скопје
ЗА ИЗДАВАЧОТ: Директорот м-р Ѓорѓија Најдески
ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА: Теофил Шулајковски — Тофе
ТИРАЖ: 400
ПЕЧАТНИЦА: „НОВА МАКЕДОНИЈА“

Изложбен салон I на Центарот